Врз основа на член 383 од Законот за трговски друштва и член 44 од Статутот на Тетекс АД Тетово, Собранието на акционери на Друштвото на својата седница одржана на ден 15.03.2023 год. ја донесе следната

Волнарски комбинат Тодор Циповски-Мерџан
ТЕТЕКС АД
Бр. 0201 - 393/2
15.03 2023 год.
ТЕТОВО

# О Д Л У К А

За избор на членови на Одбор на директори на Тетекс АД Тетово

I за членови на Одборот на Тетекс АД Тетово се избираат

1. Борислав Трповски од Тетово, дипломиран правник со положен правосуден
2. Евгенија Трпкоска од Тетово, дипломиран економист,
3. Стеван Томовски од Тетово, дипломиран машински инжињер
4. Душко Мишески од Тетово дипломиран технолог
5. Звонимир Ристоски од Тетово, дипломиран технолог

II Мандатот на членовите на Одбор на директори е шест години и тече сметано од денот на влегување во сила на оваа Одлука.
На членовите на Одбор на директори им се утврдуваат права и обврски согласно Законот, Друштвото и Договорите.

III Од редот на избрани неизвршни членови за независен член се избира **Звонимир Ристоски** согласно одредбите од Законот за трговски друштва

IV На претседателот на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово му се утврдува месечен паушал во бруто износ од 33.333,00 ден.

V На неизвршните членови на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово им се утврдува месечен паушал во бруто износ од 22.222,00 ден.

VI. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Одборот на директори на Тетекс АД Тетово на ден 10.02.2023 год. со јавен повик, објавен согласно ЗТД, го свика собранието на акционери на Друштвото со една точка на дневен ред, избор на пет члена на одборот на директори, поради престанок на мандат.
До собранието на акционери на ден 14.02.2023 од страна на 19 акционери кои преставуваат 35,52 % од вкупниот број на акции, беше доставен предлог за избор на горенаведените лица. Друг предлог во законскиот рок не е доставен,
Предлогот беше објавен согласно ЗТД и достапен на сите акционери.
Предлогот беше ставен на гласање и едногласно усвоен од страна на акционерите.

Собрание на акционери на Тетекс АД Тетово
Председавач
Светлана Соколовска

Волнарски комбинат Тодор Циповски-Мерџан
ТЕТЕКС
АД
1
ТЕТОВО